РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-1420/4
20. 12 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Општина Ранковце
Република Северна Македонија
Тел/факс+38931380444
www.rankovce.gov.mk e-mail: rankovce@rankovce.gov.mk

Врз основа на член 30 став 3 и член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија бр.11/15, 35/18), Градоначалникот на Општина Ранковце објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС Бр.01/2024
За унапредување на административен службеник во општинската администрација на Општина Ранковце

Општина Ранковце објавува интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници во Општина Ранковце за следните работни места:

1.УПР0101В04000, Помлад соработник за Совет, работни тела и месни заедници, Одделение за правни и општи работи..... 1(еден) извршител

Општи услови
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Посебни услови
- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или

завршен VII/1 степен, Научно истражувачко подрачје: Општествени науки, Научно поле: Право или економија и бизнис,
- со или без работно искуство во струката.

Општи работни компетенции
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- орентираност кон клиент/засегнати страни и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Распоред на работно време
- работни денови: понеделник-петок
- работни часови: 40 часа неделно
- Работно време: 7:30-15:30 часот

Плата
- Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 29.917,00 денари.

2. УПР0101В01000, Советник за рурален и локален економски развој во Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности..... 1(еден) извршител

Општи услови
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Посебни услови

- ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Научно истражувачко подрачје: Земјоделски и ветеринарни науки, Научно поле: Земјоделство, шумарство и рибарство, Земјоделска биотехнологија,
- со најмалку три години работно искуство во струката.

Општи работни компетенции

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- орентираност кон клиент/засегнати страни и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Распоред на работно време

- работни денови: понеделник-петок
- работни часови: 40 часа неделно
- Работно време: 7:30-15:30 часот

Плата

- Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 34.251,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Ранковце кој ги исполнува општите и посебните услови за потполнување на работното место согласно актот за систематизација како и

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последните години пред објавување на интерниот оглас.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Ранковце до Одделението за управување со човечки ресурси, како и на службената електронска адреса biljana.ilievska@rankovce.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата можат да приложат:
- Потврди за успешно реализирани обуки и/или
- Потврди за успешно менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 10 (десет) дена сметано од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка.

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски